Влада на Република Северна Македонија

**З А П И С Н И К**
**од Педесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 5 јули 2022 година**

**Скопје, јули 2022 година**

**З А П И С Н И К**
**од Педесет и осмата седница на Владата на Република Северна Македонија,**
**одржана на 5 јули 2022 година**

Седницата започна во 13:20 часот.

На седницата претседаваше д-р Артан Груби, прв заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија и министер за политички систем и односи меѓу заедниците.

На седницата присуствуваа д-р Димитар Ковачевски, претседател на Владата на Република Северна Македонија, м-р Славица Грковска, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики за добро владеење, м-р Бојан Маричиќ, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за европски прашања и Фатмир Битиќи, заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економските ресори и инвестиции и членовите на Владата: д-р Бујар Османи, министер за надворешни работи, Славјанка Петровска, министер за одбрана, Оливер Спасовски, министер за внатрешни работи, д-р Никола Тупанчевски, министер за правда, д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија, м-р Беким Сали, министер за здравство, м-р Јована Тренчевска, министер за труд и социјална политика, м-р Горан Милевски, министер за локална самоуправа, доц. д-р Бисера Костадиновска-Стојчевска, министер за култура, Благој Бочварски, министер за транспорт и врски, Насер Нуредини, министер за животна средина и просторно планирање и д-р Џемаил Чупи, министер без ресор, задолжен за дијаспора, како и м-р Методија Димовски, генерален секретар на Владата на Република Северна Македонија и Тахир Хани, заменик на генералниот секретар на Владата на Република Северна Македонија.

На седницата присуствуваше и Лила Пејчиновска-Миладиновска, секретар на Секретаријатот за законодавство.

Покрај членовите на Владата на седницата присуствуваа и м-р Абдулшуќур Абедини, заменик на министерот за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Лулзим Алиу, заменик на министерот за образование и наука и Александар Бајдевски, заменик на министерот за информатичко општество и администрација, како и Каја Шукова, државен секретар во Министерството за животна средина и просторно планирање.

На седницата присуствуваа и м-р Пеце Мирчевски, директор на Службата за општи и заеднички работи на Владата на Република Северна Македонија, Душко Арсовски и Муамет Хоџа, портпароли на Владата на Република Северна Македонија.

Од седницата отсуствуваа: Љупчо Николовски, министер за земјоделство, шумарство и водостопанство, д-р Јетон Шаќири, министер за образование и наука и м-р Адмирим Алити, министер за информатичко општество и администрација.

*

*   *

Врз основа на Предлогот на дневниот ред и предлозите што беа поднесени на седницата, Владата го утврди следниов

**ДНЕВЕН РЕД**

**Пред преминување на Дневен ред:**

- Состојби и напредок на Република Северна Македонија во процесот на преговорите за членство во Европската Унија

- Информација за степенот на реализација на мерките од Планот за борба против корупција

1. Информација за реализација на проектот-Возобновување на Св. Климентовиот универзитет на Плаошник

2. Информација за „Иницијатива за доделување градежно земјиште во Скопје, со цел изградба на објект со намена Центар за обука за потребите на Дирекцијата за заштита и спасување, со поддршка на Соединетите Американски Држави“

3. Предлог-одлука за продажба на движни ствари (две патнички моторни возила)

4. Годишна сметка за 2021 година и Извештај за работењето на ЈП ХС Злетовица-Пробиштип во 2021 година, со Извештај од независниот ревизор, со дополнување и Предлог-одлука

5. Програма за изменување на Годишната инвестициона програма на ЈП ХС Злетовица-Пробиштип за 2022 година, со Предлог-одлука

6. Барање согласност на Ценовникот за плаќање на услугите на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта-Скопје ц.о., со Предлог-одлука

7. Годишен извештај за работењето на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање на услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје за 2021 година и Извештај од независниот ревизор, со предлог-одлуки

8. Извештај за работењето на АД „Медиумска информативна агенција“-Скопје во 2021 година, Годишен финансиски извештај за 2021 година, Годишна сметка за 2021 година, Ревизорски извештај за 2021 година и Извештај од извршена контрола од Надзорен одбор, со предлог-одлуки

9. Информација за состојбата со привремено одземените ефективни домашни и странски парични средства од страна на Агенцијата за управување со одземен имот по одлуките на судските и другите органи

10. Информација за донесување на Одлука за изменување на Одлуката за висината на надоместоците за спроведување на активности од јавен интерес од областа на здравствена заштита на животните, со Предлог-одлука

11. Извештај за спроведување на Годишниот план за работа на Агенцијата за храна и ветеринарство за 2021 година, со Предлог-одлука

12. Информација за одложување на активирањето на инструментите за присилна наплата за кредитите од Посебниот кредитен фонд Ковид 1 и кредитите од компензационите фондови Ковид 2, со Анекс кон Договорот и Предлог-одлука

13. Информација за зголемување на износот на расположиви средства наменети за реализација на кредитната линија за обртни средства за компании погодени од енергетската и економската криза преку директно кредитирање од Развојна банка на Северна Македонија

14. Информација за враќање на Централен регистар на Република Северна Македонија во сопствени простории-Регионална регистрациона канцеларија Гостивар, со Предлог-одлука

15. Годишен извештај за деловна активност на Фондот за осигурување на депозити за 2021 година, Годишна сметка на Фондот за осигурување на депозити за 2021 година, Финансиски извештаи на Фондот за осигурување на депозити за 2021 година, Финансиски извештаи и Извештај на независниот ревизор, состојба на 31.12.2021 година, со предлог-одлуки

16. Финансиски план за измена на Финансискиот план на Фондот за осигурување за депозити за 2022 година, со Предлог-одлука

17. Барање за пренесување на правото на сопственост на недвижни ствари на Општина Струмица, со предлог-одлуки

18. Предлог-одлука за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (ГП 1.1 КП бр.441/4 КО Гарниково)

19. Предлог-одлука за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (ГП 1.2 КП бр.441/5 КО Гарниково)

20. Предлог-одлука за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (ГП 1.3 КП бр.441/6 КО Гарниково)

21. Предлог-одлука за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (ГП 1.4 КП бр.441/7 КО Гарниково)

22. Предлог-одлука за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (ГП 1.5 КП бр.441/8 КО Гарниково)

23. Информација во врска со постапката за извршување по барање за спроведување на извршување од доверителот Министерство за финансии како правен следбеник на Агенција на Република Македонија за санација на банка, засновано на извршната исправа Решение Р.бр.342/93 од 29.7.1993 година на Општински суд Скопје 1 - Скопје, против заложниот должник Друштво за производство, инженеринг, консалтинг, трговија и услуги Веве груп ДОО Скопје

24. Информација за потребата од донесување на Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за финансии, со Предлог-одлука

25. Информација за статусот на проектите кои се финансираат од меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори, во насока на искористеноста на заемите и инвестициските грантови за истите, заклучно со 31.3.2022 година

26. Информација за преотстапување на дрвна маса од Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми „Национални шуми“-п.о. Скопје на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, со Предлог-одлука

27. Информација за начинот на склучување на колективниот договор и за правата овозможени со колективниот договор за вработените во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство

28. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на објекти за водоснабдување на Делчево, прекидна комора во с.Тработивиште, КО Тработивиште, Општина Делчево, со Предлог-одлука

29. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за село Шишево за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација, Е-инфраструктура, КО Шишево и КО Шишево-вонград, Општина Сарај, со Предлог-одлука

30. Информација за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за село Грчец за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација, Е-инфраструктура, КО Шишево-вонград, Општина Сарај, со Предлог-одлука

31. Информација за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Виолета Еленова, ул.Гоце Делчев бр.1, Кавадарци, со Предлог-одлука

32. Информација за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање рекреативен риболов и за вршење стопански риболов, со предлог-одлуки

33. Информација во врска со постапката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина-песок и чакал на Друштвото за градежништво Изгрев инженеринг ДООЕЛ Велес на локалитетот „Лака“, с.Виничани, Општина Градско, со Предлог-одлука

34. Информација во врска со извршената евалуација од Јавниот повик за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина-варовник на локалитетот „Колиште“, с.Липково, Општина Липково 1/2022 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.84/22), со Предлог-одлука

35. Информација во врска со Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина и Тендерска документација за спроведување на постапката за локалитетот „Житинени“, Општина Центар Жупа

36. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Фреја-Струга, со Предлог-решение

37. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Холидеј ин-Скопје, со Предлог-решение

38. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Монтенегро, Струга, со Предлог-решение

39. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Престол, Охрид, со Предлог-решение

40. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Климетица-Охрид, со Предлог- решение

41. Информација во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Тино Центар, Охрид, со Предлог-решение

42. Информација за одржување на Третата седница на Мешовитата комисија по билатералниот Договор за економска и индустриска соработка помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Чешката Република

43. Предлог-одлука за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина-туларска глина на Друштвото за производство, трговија и услуги Гоко-Кар ДООЕЛ Виница на локалитетот „Широната" с.Лаки, Општина Виница

44. Предлог-одлука за утврдување на геодетските работи за посебни намени сврзани со ажурирање на геодетски подлоги во функција на планирање на просторот, предвидено со Годишната програма за финансирање на изработката на урбанистички планови за 2022 година

45. Предлог-одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје

46. Предлог-одлука за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Кавадарци

47. Предлог-лиценца за приредување на игри на среќа во автомат клуб (на Друштвото за производство, трговија и услуги „Арена гаминг" ДООЕЛ Струмица во автомат клубот кој се наоѓа на ул. „Шишка" бр.1/2-приземје, Кавадарци)

48. Информација во врска со потпишување Спогодба за имплементација на проект од Зелениот климатски фонд со Германското друштво за меѓународна соработка (GIZ) GmbH „Градење капацитети за одржлив развој на човечкиот капитал во Северна Македонија (во секторите здравство, образование и социјална вклученост)", со усогласен текст на Спогодба

49. Предлог-уредба за безбедност на лица-корисници на класифицирани информации (*)

50. Годишен извештај за спроведување на процесот на проценка на влијанието на регулативата-ПВР (јануари-декември 2021 година)

51. Предлог-одлука за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Министерството за локална самоуправа-Државниот инспекторат за локална самоуправа (патничко моторно возило-пежо тип 206)

52. Информација за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител упатени до Владата на Република Северна Македонија, органите на

државната управа, други органи и организации што имаат јавни овластувања во периодот јануари-март 2022 година

53. Информација за спроведување повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за Надградба на училишен објект на ОМУ Боро Џони во Општина Струмица

54. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за надоместокот за спроведување на теоретската настава и практичната обука и за полагање на испит за специјализации, односно супспецијализации од областа на медицината, стоматологијата и фармацијата

55. Информација за утврдување на Кодекс за етичко однесување за членовите на Владата и носителите на јавни функции именувани од страна на Владата, со Предлог-кодекс

56. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за социјалната заштита, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

57. Предлог на закон за изменување на Законот за заштита на децата, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

58. Предлог на закон за дополнување на Законот за стоковните резерви, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

59. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност, по скратена постапка, поднесен од група пратеници

60. Иницијатива поднесена од Никола Ликов од Штип, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.42/2022 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 72 став 5 во делот: „и истата јавно ќе се објави на својата веб-страница“ и став 6 од истиот член од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.102/19)

61. Понуда од нотар Искра Кировска од Штип, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр. 4923, за КО Штип 1, на КП бр. 1021, викано место/улица Железничка станица, со дополнување

62. Понуда од нотар Милана Пановска од Кочани за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр. 255 за КО Пашаџиково, на КП бр. 462/2, викано место/улица Станица

63. Понуда од нотар Васко Паскали од Охрид за продажба на сосопственички дел запишан во Имотен лист бр.1995 за КО Коњско, КП бр.2418, дел 12, викано место/улица Село и сосопственички дел запишан во Имотен лист бр.1505 за КО Коњско, КП број 2418, дел 7, викано место/улица Село

64. Понуда од нотар Васко Паскали од Охрид, за продажба на сосопственички дел запишан во Имотен лист бр. 64570 за КО Охрид 4, на КП бр. 4677/5 и КП бр. 4677/9, викано место/улица Град

65. Понуда од Ана Брашнарска од Скопје за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.3946 за Ѓорче Петров 4-Влае, на КП бр.6175/1, викано место/ул.Косовска

66. Понуда од нотар Ванчо Андоновски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1078, за КО Маџари, на КП бр.1043/2, викано место/улица Б.Стевковски и Имотен лист бр.68234 за КО Маџари на КП бр.1043/1, викано место/улица Б.Стевковски

67. Известување од извршител Катерина Кокина од Скопје, под И.бр.1183/2022 за Налог за извршување врз недвижност запишана во Имотен лист бр.7636 за КО Кисела Вода 2, КП бр.1711 и Имотен лист бр.3448, за КО Карпош, КП бр.3620

68. Кадровски прашања

69. Прашања и предлози

70. Извештај за спроведување на Националната стратегија за борба против измама за заштитата на финансиските интереси на Европската Унија во Република Македонија 2019-2022 година

71. Информација за активностите на Управата за јавни приходи за спроведување на мерки по Годишниот извештај на Народниот правобранител на Република Северна Македонија

72. Извештај за работењето на ЈП за стопанисување со пасишта за првото тримесечје за 2022 година

73. Извештај за финансиското работење на ЈП „Стрежево"- Битола, за прво тримесечје, од 1 јануари 2022 година до 31 март 2022 година

74. Финансиски извештај за работењето на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта-Скопје ц.о., за период од 1 јануари 2022 година до 31 март 2022 година

75. Годишен извештај за работата на внатрешната ревизија за период од 1 јануари 2021 година до 31 декември 2021 година на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД-Скопје

76. Извештај за финансиското работење на Акционерското друштво „Медиумска информативна агенција"-Скопје, во државна сопственост, за период од 1 јануари 2022 година до 31 март 2022 година

77. Годишен извештај за спроведување на Националната програма за безбедност во воздухопловството за 2021 година во Република Северна Македонија

78. Дополнет предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година

79. Предлог на закон за изменување и дополнување на Законот за енергетика (*)

80. Предлог на закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на Проектот за поддршка на ликвидноста на АД ЕСМ-Скопје во услови на енергетска криза, кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, по скратена постапка

81. Предлог-одлука за изменување на Одлуката за бројот на студенти за запишување во прва година-прв циклус на студии на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“-Битола, Универзитетот во Тетово, Универзитетот „Гоце Делчев“-Штип, Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“-Охрид и Универзитетот „Мајка Тереза“ во Скопје, во учебната 2022/2023 година

*

* *

По одделните точки од Дневниот ред, Владата ги донесе следниве заклучоци:

**Пред преминување на Дневен ред:**

- Состојби и напредок на Република Северна Македонија во процесот на преговорите за членство во Европската Унија

По повод пристигнатиот предлог за отпочнување на процесот на преговори за членство во Европската Унија во Министерството за надворешни работи, доставен од страна на француското претседателство со Советот на Европската Унија и посетата на Шарл Мишел, претседател на Европскиот совет, со цел афирмирање на заложбата на Европската Унија за поддршка за отпочнување на преговорите на Република Северна Македонија со Европската Унија, претседателот на Владата на Република Северна Македонија, д-р Димитар Ковачевски се заблагодари за неговото присуство на седницата на Владата во овие клучни моменти за нашата држава и притоа истакна дека Владата на Република Северна Македонија високо ја цени поддршката, бидејќи истата недвосмислено ја демонстрира поддршката на Европската Унија во процесот на интеграција на Република Северна Македонија во Европската Унија. Тој истакна дека непосредно по добивањето на предлогот од француското претседателство, одржал консултативни средби со лидерите на владината коалиција, со дипломатскиот кор, со граѓанскиот сектор, со претставниците на експертската јавност и медиумите како и со опозициските партии во Република Северна Македонија. Истовремено, подвлече дека карактеристика на оваа Влада е тоа што сите решенија ги носи низ дијалог и консултации во интерес на иднината на сите граѓани на Република Северна Македонија, а во тој дух се и широките консултации кои овие денови Владата ги спроведува, а се поврзани со предлогот од Европската Унија. Исто така, истакна дека нашата стратешка определба, како земја уште од основањето, е полноправното членство во Европската Унија, нашиот пат е избор и демократија, слобода, мир, негување на добрососедски односи и економски развој на земјата и токму затоа во овие моменти потребни се мудри одлуки и заедничка одговорност која ќе ни обезбеди Европска иднина. Исто така, истакна дека она што за Владата и за граѓаните на Република Северна Македонија е најважно е тоа што за овој предлог од Европската Унија, имаме дефинирани позиции за јасно и недвосмислено прифаќање на македонскиот јазик што беше најважното прашање за Република Северна Македонија. Македонскиот јазик е апсолутно чист и еднаков со другите јазици на Европската Унија без никакви фусноти, дообјаснувања и ѕвездички. Она што, исто така, е важно, а беше барање на Владата е тоа што предлогот ги става билатералните историски прашања надвор од преговарачката рамка. Отворените прашања со соседите треба да бидат затворени, Европска Унија посочува дека тоа треба да се реши на билатерална основа и поради тоа билатералните прашања како такви не се дел од рамката за преговори. Подвлече дека добрососедските односи се фундаментот на Европската Унија и Република Северна Македонија и преку потпишувањето на Спогодбата за стабилизација и асоцијација со Европската Унија во 2001 година, Република Северна Македонија се согласи на добрососедски односи со

сите земји. Тој истакна, дека наша обврска како идна членка на Европската Унија ќе биде да работиме на добрососедските односи и тоа ќе се спроведува преку исполнување на Договорот за добрососедство и Договорот од Преспа. Истовремено, истакна дека овој предлог од Европската Унија овозможува безусловен старт на пристапните преговори на Република Северна Македонија со Европската Унија и операционализација на Одлуката на Европскиот совет од март 2020 година, со што преговорите со Европската Унија би можеле да започнат веднаш по донесувањето на нашата одлука за прифаќање на предлогот. Свое обраќање имаше и претседателот на Европскиот совет, Шарл Мишел кој истакна дека му е особена чест и привилегија што ја има оваа прилика да учествува на владината седница, во овој многу битен момент за иднината на Република Северна Македонија, за иднината на граѓаните во Република Северна Македонија, но и за иднината на европскиот континент. Тој истакна дека се потребни реформи не само за да се задоволи Брисел и Европската комисија, туку реформи за подобрување на условите за живот на граѓаните во државата, реформи за привлекување повеќе инвестиции, да се консолидираат институциите, да се гарантираат фундаменталните демократски принципи како и да се решат заедничките предизвици. Тој подвлече дека земјите од Западен Балкан биле поканети да учествуваат на состанокот во Европскиот совет во Брисел. Исто така истакна дека по состанокот, лидерите на земјите од Западен Балкан оставиле голем впечаток на челниците на земјите на Европската Унија и поради тоа Европскиот совет донел одлука едногласно да ја изрази политичката волја на Европската Унија и да го заживее процесот на европска интеграција со земјите од Западен Балкан. Исто така, истакна дека повеќе од една година лично е вклучен во решавање на тешките прашања меѓу Република Северна Македонија и Република Бугарија, обидувајќи се да му помогне на Европскиот совет да го крене ветото, што го постави Република Бугарија и што во минатото оневозможи започнување пристапни преговори со Република Северна Македонија и со Албанија. Тој подвлече дека голем дел од колегите на масата на Европскиот совет биле фрустрирани поради ветото на Република Бугарија, бидејќи многу од нив сакале да го кренат ветото и да ги започнат пристапните преговори со Република Северна Македонија и со Албанија. Поради тоа, во изминатите недели колегите од Европската Унија работеле многу вредно и напорно, особено Претседателот на Република Франција, Емануел Макрон, во својство на претседател на држава која претседава со Советот на Европската Унија, според ротирачкото претседателство. Европската Унија се обиде, колку што може, да ги земе предвид различните загрижености, особено легитимната загриженост на Република Северна Македонија. Исто така, истакна дека одлуката и одговорноста за иднината на Република Северна Македонија е суверен избор на Република Северна Македонија, а не на Европската Унија. Подвлече дека неговото присуство на седницата на Владата е да размени мислења и да се дојде до транспарентно сфаќање на ситуацијата, со цел да бидеме сигурни дека одлуката се носи со целосна информираност и транспарентност. Во врска со главните загрижености што беа изразени од страна на Владата на Република Северна Македонија, истакна дека овој предлог е урамнотежен, зашто ако се земе примерот на овој важен елемент, јазикот, истиот е фундаментален за секој од нас. Ако Владата се согласи, тогаш тоа значи дека целото законодавство на Европската Унија ќе биде преведено на македонски јазик и ќе може веднаш да се одржи меѓувладина конференција и почеток на скрининг процесот. Во однос на загриженоста во врска со националниот идентитет и впечатокот дека ќе има ризик од билатерализација за преговарачката рамка, истакна дека начинот на кој е напишана преговарачката рамка ги зема предвид сите загрижености на Владата на Република Северна Македонија. Истовремено, истакна дека Договорот за добрососедски односи меѓу Република Северна Македонија и Република Бугарија го гарантира напредокот што е потребен за добрососедските односи, а од тука, Мешовитата комисија, којашто на билатерално ниво треба да направи се за да функционира и тоа треба да послужи како алатка за напредок. Исто така, истакна дека доколку нашата земја одлучи да го промени Уставот тогаш тоа

значи дека Меѓувладината конференција ќе започне веднаш со преговорите и нема да бидат потребни други процедури и други активности. На крајот подвлече дека Република Северна Македонија има пријатели во Европската Унија кои искрено се надеваат дека Република Северна Македонија ќе направи избор и нема да ја пропушти оваа прилика и оваа можност со која ќе се овозможи заедно да се гради заедничката иднина на Европската Унија. Првиот заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за координација на политички прашања на ресорите и министер за политички систем и односи меѓу заедниците, д-р Артан Груби истакна дека претставниците на Владата што се присутни на седницата на Владата се мнозинство составено од партиите што ја претставуваат Владата коешто донесе многу храбри одлуки. Ова мнозинство донесе многу цврсти и тешки одлуки и направи компромис за мир, стабилност и безбедност, но успеа и ги затвори сите прашања меѓу заедниците внатре, во општеството и донесе социјална кохезија. Подвлече дека токму поради Охридскиот рамковен договор нашата земја во 2005 година го доби статусот кандидат за членство во Европската Унија и последователно на тоа, препорака за отворање на преговорите за полноправно членство. Исто така, ова парламентарно мнозинство, оваа владина коалиција го донесе Преспанскиот договор, го затвори прашањето со нашиот сосед, Република Грција. Исто така, истакна дека токму ова мнозинство беше тоа што го реши прашањето со Србија, преку признавање на автокефалноста на Македонската православна црква. Но, има уште едно прашање, со кое ќе се затворат сите отворени спорови со соседите, тоа е прашањето со Бугарија. Не е фер, но тоа е нешто што мора да се направи за да го оствариме сонот на нашите граѓани, да бидат дел од Европската Унија. Нема да се дозволат елементи со коишто ќе се загрозат идентитетот, културата и јазичните прашања на Македонците. На крајот на дискусијата, претседателот на Владата на Република Северна Македонија, д-р Димитар Ковачевски истакна дека консултативниот процес продолжува. Министерството за надворешни работи на Република Северна Македонија работи на билатералниот протокол со Република Бугарија. Во моментот, кога ќе има билатерален протокол, што е усогласен финално со Република Бугарија, а кој се однесува на прашањата коишто се исклучиво помеѓу Република Северна Македонија и Република Бугарија, дефинирани како 5 + 1 прашања, истиот ќе биде презентиран пред членовите на Владата, пред политичките партии и ќе биде испратен до Собранието на Република Северна Македонија, за да може Собранието, официјално да се информира, да го прифати или не и да даде задачи во однос на прифаќање или не прифаќање на предлогот. Исто така, подвлече дека ова ќе биде одлука на Република Северна Македонија, дали ќе избере да оди по патот зацртан пред 30 години, како стратешка цел на сите заедно, бидејќи едно е сигурно во држави кои што се мултиетнички, мултиконфесионални и различни по најразлични основи, кохезијата ја држат стратешките цели. Едната од тие стратешки цели е членството во Европската Унија.

- Информација за степенот на реализација на мерките од Планот за борба против корупција

- Информација за степенот на реализација на мерките од Планот за борба против корупцијата за 2021 година, со Извештај за бројот на поднесени пријави/поплаки до Електронскиот систем за поднесување на електронски пријави и поплаки поврзани со услугите кон јавната администрација и нивниот статус на решавање за периодот 11.3.2022-20.6.2022 година и

- Информација за степенот на исполнување и реализација на мерките и активностите од Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025, со Акциски план за нејзино спроведување на Државната комисија за спречување на корупцијата, од страна на институциите во врска со предложените нови рокови.

Владата не расправаше по:

- Информацијата за степенот на реализација на мерките од Планот за борба против корупцијата за 2021 година, со Извештај за бројот на поднесени пријави/поплаки до Електронскиот систем за поднесување на електронски пријави и поплаки поврзани со услугите кон јавната администрација и нивниот статус на решавање за периодот 11.3.2022-20.6.2022 година и

- Информацијата за степенот на исполнување и реализација на мерките и активностите од Националната стратегија за спречување на корупцијата и судирот на интереси 2021-2025, со Акциски план за нејзино спроведување на Државната комисија за спречување на корупцијата, од страна на институциите во врска со предложените нови рокови.

**Точка 1**

Владата ја разгледа Информацијата за реализација на проектот-Возобновување на Св.Климентовиот универзитет на Плаошник и ја усвои со следните заклучоци:

1.Се дава согласност за продолжување на реализација на проектот-Возобновување на Св.Климентовиот универзитет на Плаошник.

2.Се задолжува на Министерството за финансии да обезбеди средства во висина од 50.000.000,00 денари во Буџетот на Република Северна Македонија за 2023 и 22.700.000,00 денари во Буџетот на Република Северна Македонија за 2024 година за реализација на проектот-Возобновување на Св. Климентовиот универзитет на Плаошник, потпрограма 22-Универзитет на Свети Климент кај Плаошник.

**Точка 2**

Владата го одложи за втората наредна седница на Владата разгледувањето на Информацијата за „Иницијативата за доделување градежно земјиште во Скопје, со цел изградба на објект со намена Центар за обука за потребите на Дирекцијата за заштита и спасување, со поддршка на Соединетите Американски Држави", поради потребата Министерството за транспорт и врски и Дирекцијата за заштита и спасување до Владата да достават усогласен текст на Информацијата.

**Точка 3**

Владата ја донесе Одлуката за продажба на движни ствари (две патнички моторни возила), во предложениот текст.

**Точка 4**

Владата ги разгледа Годишната сметка за 2021 година и Извештајот за работењето на ЈП ХС Злетовица-Пробиштип во 2021 година, со Извештајот од независниот ревизор, со дополнувањето и Предлог-одлука и го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Годишната сметка и Извештајот за работењето на Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности Хидросистем „Злетовица"-Пробиштип-Пробиштип за 2021 година, во предложениот текст.

**Точка 5**

Владата по Програмата за изменување на Годишната инвестициона програма на ЈП ХС „Злетовица" Пробиштип за 2022 година го донесе новиот текст на Одлуката за давање

согласност на Програмата за изменување на Годишната инвестициона програма на ЈП ХС „Злетовица“ Пробиштип за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 6**

Владата по Барањето согласност на Ценовникот за плаќање на услугите на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта-Скопје ц.о.,го донесе новиот текст на Одлуката за давање согласност на Ценовникот за плаќање на услугите на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта-Скопје ц.о., во предложениот текст.

**Точка 7**

Владата по Годишниот извештај за работењето на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање на услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје за 2021 година и Извештајот од независниот ревизор, со предлог-одлуки и дополнувањето, ги донесе:

1. Одлуката за одобрување на Годишниот финансиски извештај со завршната сметка, Ревизорскиот извештај и Годишниот извештај за работа за 2021 година на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје (нов текст), во предложениот текст и

2. Одлуката за распределба на добивката по Годишната сметка за 2021 година на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД Скопје (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 8**

Владата по Извештајот за работењето на АД „Медиумска информативна агенција“-Скопје во 2021 година, Годишниот финансиски извештај за 2021 година, Годишната сметка за 2021 година, Ревизорскиот извештај за 2021 година и Извештајот од извршена контрола од Надзорен одбор, со предлог-одлуки, ги донесе:

1. Одлуката за одобрување на Годишната сметка за 2021 година на Акционерското друштво „Медиумска информативна агенција“-Скопје, во државна сопственост, во предложениот текст.

2. Одлуката за одобрување на Извештајот за работењето на Акционерското друштво „Медиумска информативна агенција“-Скопје, во државна сопственост во 2021 година, во предложениот текст.

3. Одлуката за одобрување на Финансискиот извештај за 2021 година на Акционерското друштво „Медиумска информативна агенција“-Скопје, во државна сопственост, во предложениот текст.

4. Одлуката за покривање на загуба искажана по Годишната сметка за 2021 година на Акционерско друштво „Медиумска информативна агенција“-Скопје, во државна сопственост (нов текст), во предложениот текст.

**Точка 9**

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за состојбата со привремено одземените ефективни домашни и странски парични средства од страна на Агенцијата

за управување со одземен имот по одлуките на судските и другите органи и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се препорачува на Народната банка на Република Северна Македонија да продолжи со досегашниот начин на постапување со привремено одземените ефективни домашни и странски пари, чекови, монетарно злато и хартии од вредност.

2. Се задолжува Министерството за правда во соработка со Агенцијата за управување со одземен имот, во рок од три месеци, да подготви и до Владата да достави Предлог на закон за изменување на Законот за управување со конфискуван имот, имотна корист и одземени предмети во кривична и прекршочна постапка, во насока на решавање на прашањето за постапување со привремено одземените домашни и странски пари.

**Точка 10**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за донесување на Одлука за изменување на Одлуката за висината на надоместоците за спроведување на активности од јавен интерес од областа на здравствена заштита на животните, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за изменување на Одлуката за висината на надоместоците за спроведување на активности од јавен интерес од областа на здравствена заштита на животните, во предложениот текст.

**Точка 11**

Владата го одложи разгледувањето на Извештајот за спроведување на Годишниот план за работа на Агенцијата за храна и ветеринарство за 2021 година, со Предлог-одлука, за наредната седница на Владата, поради потребата од усогласувања на истата со Министерството за финансии.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

**Точка 12**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за одложување на активирањето на инструментите за присилна наплата за кредитите од Посебниот кредитен фонд Ковид 1 и кредитите од компензационите фондови Ковид 2, со Анекс кон Договорот и Предлог-одлука и притоа ги донесе следниве заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата за одложување на активирањето на инструментите за присилна наплата на кредитите од Посебниот кредитен фонд (Ковид 1 кредитна линија) и кредитите од компензационите фондови (Ковид 2 кредитна линија).

2. Се задолжува Министерството за финансии да склучи Анекс кон Договорот за администрирање на Посебниот кредитен фонд (Ковид 1 кредитна линија) со Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје.

3. Ја донесе Одлуката за изменување на Одлуката за условите и критериумите за репласирање на средства од компензационите фондови од странска помош, во предложениот текст.

**Точка 13**

Владата ја разгледа Информацијата за зголемување на износот на расположиви средства наменети за реализација на кредитната линија за обртни средства за компании

погодени од енергетската и економската криза преку директно кредитирање од Развојна банка на Северна Македонија и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Даде согласност на Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје дел од слободните парични средства од Посебниот кредитен фонд формиран согласно Договорот за администрирање на посебен кредитен фонд-Ковид 1 во износ од 25.993.000 денари да ги префли на сметката на Развојна банка на Северна Македонија АД Скопје во Народна банка на Република Северна Македонија бр. 100000001135236 за реализација на кредитната линија за обртни средства за компании погодени од енергетската и економската криза преку директно кредитирање од Развојна банка на Северна Македонија.

2. Го овласти министерот за финансии во име и за сметка на Владата на Република Северна Македонија да склучи Анекс кон Договорот за администрирање на посебен кредитен фонд-Ковид 1 со Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје со кој износот на средствата на Посебниот кредитен фонд-Ковид 1 ќе се намали за 25.993.000 денари.

3. Го овласти министерот за финансии во име и за сметка на Владата на Северна Македонија да склучи Анекс кон Договорот за администрирање на кредитна линија за обртни средства за компании погодени од енергетската и економската криза преку директно кредитирање од Развојна банка на Северна Македонија заведен во Развојна банка на Северна Македонија под број 08-1028/1 на 7.4.2022 година и во Министерството за финансии под број 13-3579/1 на 14.4.2022 година.

## Точка 14

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за враќање на Централен регистар на Република Северна Македонија во сопствени простории-Регионална регистрациона канцеларија Гостивар, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе најновиот текст на Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Централен регистар на Република Северна Македонија, во предложениот текст.

## Точка 15

Владата по Годишниот извештај за деловна активност на Фондот за осигурување на депозити за 2021 година, Годишната сметка на Фондот за осигурување на депозити за 2021 година, Финансиски извештаи на Фондот за осигурување на депозити за 2021 година, Финансиски извештаи и Извештај на независниот ревизор, состојба на 31.12.2021 година, со предлог-одлуки ги донесе:

- Одлуката за потврдување на Годишната сметка на Фондот за осигурување за депозити за 2021 година, во предложениот текст и

- Одлуката за потврдување на Одлуката за распоредување на нето добивката на Фондот за осигурување на депозити за 2021 година, во предложениот текст.

## Точка 16

Владата по Финансискиот план за измена на Финансискиот план на Фондот за осигурување за депозити за 2022 година го донесе новиот текст на Одлуката за потврдување на Финансискиот план за изменување на Финансискиот план на Фондот за осигурување за депозити за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 17**

Владата по Барањето за пренесување на правото на сопственост на недвижни ствари на Општина Струмица, ја донесе Одлуката за престанок на користење на недвижни ствари на Општина Струмица, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи, Предлог-одлуката за пренесување на недвижни ствари во сопственост на Општина Струмица, да се разгледа на седница на Владата по влегување во сила на Одлуката за престанок на користење на недвижни ствари на Општина Струмица и нејзино спроведување во Агенцијата за катастар на недвижности.

**Точка 18**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (ГП 1.1 КП бр.441/4 КО Гарниково), во предложениот текст.

**Точка 19**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (ГП 1.2 КП бр.441/5 КО Гарниково), во предложениот текст.

**Точка 20**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (ГП 1.3 КП бр.441/6 КО Гарниково), во предложениот текст.

**Точка 21**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (ГП 1.4 КП бр. 441/7 КО Гарниково), во предложениот текст.

**Точка 22**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за отуѓување на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија (ГП 1.5 КП бр.441/8 КО Гарниково), во предложениот текст.

**Точка 23**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со постапката за извршување по барање за спроведување на извршување од доверителот Министерство за финансии како правен следбеник на Агенција на Република Македонија за санација на банка, засновано на извршната исправа Решение Р.бр.342/93 од 29.7.1993 година на Општински суд Скопје 1-Скопје, против заложниот должник Друштво за производство, инженеринг, консалтинг, трговија и услуги Веве груп ДОО Скопје, ја усвои Информацијата и го задолжи Државното правобранителство на Република Северна Македонија заедно со Министерството за финансии да ги преземат потребните активности согласно закон, за запирање, одлагање, прекин или повлекување на Барањето за извршување против заложниот должник Веве груп Скопје, до завршување на судската постапка по тужбата на заложниот должник и за истото да ја известат Владата во рок од пет дена.

## Точка 24

Владата ја разгледа Информацијата за потребата од донесување на Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за финансии, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и го донесе новиот текст на Одлуката за давање на трајно користење на недвижни ствари на Министерството за финансии, во предложениот текст.

## Точка 25

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за статусот на проектите кои се финансираат од меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори, во насока на искористеноста на заемите и инвестициските грантови за истите, заклучно со 31.3.2022 година и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за транспорт и врски, Министерството за животна средина и просторно планирање, Министерството за здравство, Министерството за труд и социјална политика, Министерството за правда-Управа за извршување на санкции, Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, Министерството за образование и наука, а се укажува на Развојната банка на Северна Македонија АД Скопје, Јавното претпријатие за државни патишта, Јавното претпријатие Водовод и канализација-Скопје, Јавното претпријатие за железничка инфраструктура Железници на Република Северна Македонија-Скопје, Јавното претпријатие за извршување на водостопански дејности ХС Злетовица-Пробиштип, Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија во државна сопственост-Скопје, Акционерското друштво за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси-НЕР АД Скопје во државна сопственост и Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловна навигација М-НАВ АД Скопје, да подготват Акциски план по дадениот Образец со статус заклучно со 30.6.2022 година за секој проект кој го подготвуваат и/или имплементираат и истиот се финансира со заеми и/или инвестициски грантови од меѓународни финансиски институции и билатерални кредитори и истиот да биде доставен до Министерството за финансии најдоцна до 14.7.2022 година.

2. Се задолжува Министерството за финансии до 29.7.2022 година врз основа на добиените акциски планови од институциите наведени во Заклучокот бр. 1 да подготви соодветен материјал и да го достави до Владата.

3. Се задолжуваат сите министерства, а им се препорачува на јавните претпријатија и акционерските друштва во државна сопственост да не поднесуваат нови иницијативи за задолжување се додека имаат сериозни доцнења во реализацијата и повлекувањето на средства на крупните инфраструктурни проекти кои ги имплементираат.

## Точка 26

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за преотстапување на дрвна маса од Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми „Национални шуми“-п.о. Скопје на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за преотстапување на дрвна маса од Јавното претпријатие за стопанисување со државни шуми „Национални шуми“-п.о. Скопје на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, во предложениот текст.

## Точка 27

Владата на предлог на предлагачот ја одложи од разгледување Информацијата за начинот на склучување на колективниот договор и за правата овозможени со колективниот договор за вработените во Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство, за наредната седница на Владата.

## Точка 28

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на објекти за водоснабдување на Делчево, прекидна комора во с.Тработивиште, КО Тработивиште, Општина Делчево, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Проект за инфраструктура за изградба на објекти за водоснабдување на Делчево, прекидна комора во с.Тработивиште, КО Тработивиште, Општина Делчево, во предложениот текст.

Истовремено, Владата заклучи да се има предвид укажувањето изнесено во Мислењето на Министерството за животна средина и просторно планирање.

## Точка 29

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за село Шишево за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација, Е-инфраструктура, КО Шишево и КО Шишево-вонград, Општина Сарај, со Предлог-одлука, за наредната седница на Владата, поради потребата Министерството за животна средина и просторно планирање да достави мислење по истата.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

## Точка 30

Владата го одложи разгледувањето на Информацијата за давање на согласност за трајна пренамена на земјоделско во градежно земјиште за изработка на Урбанистички план за село Грчец за изградба на објекти со намена А-домување, Б-комерцијални и деловни намени, В-јавни институции, Г-производство, дистрибуција и сервиси, Д-зеленило и рекреација, Е-инфраструктура, КО Шишево-вонград, Општина Сарај, со Предлог-одлука за наредната седница на Владата, поради потребата Министерството за животна средина и просторно планирање да достави мислење по истата.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика.

## Точка 31

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за давање на согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба со Виолета Еленова, ул.Гоце Делчев бр.1, Кавадарци, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за давање согласност за склучување на договор за закуп на земјоделско земјиште со непосредна спогодба, во предложениот текст.

## Точка 32

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање рекреативен риболов и за вршење стопански риболов, со предлог-одлуки, ја усвои Информацијата и ги донесе новите текстови на:

1. Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Градче“, во предложениот текст.

2. Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Шпилје“, во предложениот текст.

3. Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Охридско Езеро“, во предложениот текст.

4. Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за вршење на стопански риболов на риболовното подрачје „Охридско Езеро“, во предложениот текст.

5. Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на риболовниот ревир „Црна Река 2-Прилепски“, во предложениот текст.

6. Одлуката за започнување на постапка за доделување на концесија на рибите за организирање на рекреативен риболов на рекреативната зона „Акумулација Глажња“, во предложениот текст.

## Точка 33

Владата го разгледа најновиот текст на Информацијата во врска со постапката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина-песок и чакал на Друштвото за градежништво Изгрев инженеринг ДООЕЛ Велес на локалитетот „Лака“, с.Виничани, Општина Градско, со Предлог-одлука, ја усвои Информацијата и ја донесе Одлуката за одбивање на Барањето за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина-песок и чакал на локалитетот „Лака” с.Виничани, Општина Градско, во предложениот текст.

## Точка 34

Владата ја разгледа Информацијата во врска со извршената евалуација од Јавниот повик за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина-варовник на локалитетот „Колиште“, с.Липково, Општина Липково 1/2022 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.84/22), со Предлог-одлука  и притоа ги донесе следните заклучоци:

1. Ја усвои Информацијата во врска со извршената евалуација од Јавниот повик за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина-варовник на локалитетот „Колиште“, с.Липково, Општина Липково 1/2022 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.84/22).

2. Го разгледа Извештајот од проверката на документацијата и евалуацијата на понудите од Јавниот повик за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина-варовник на локалитетот „Колиште“ с.Липково, Општина Липково 1/2022 („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.84/22).

3. Го донесе новиот текст на Одлуката за избор на најповолна понуда за доделување на концесија за експлоатација на минералната суровина-варовник на Друштвото за производство, трговија, градежништво, услуги и транспорт Тхеранда-Шаља ДООЕЛ експорт-импорт с. Липково, Липково, на локалитетот „Колиште“ с.Липково, Општина Липково, во предложениот текст.

**Точка 35**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со Јавниот повик за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина и Тендерска документација за спроведување на постапката за локалитетот „Житинени“, Општина Центар Жупа, со нов текст на Тендерска документација, ја усвои Информацијата и ја одобри Тендерската документација за доделување на концесија за детални геолошки истражувања на минерална суровина-варовник на локалитетот „Житинени“, Општина Центар Жупа.

**Точка 36**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Фреја-Струга, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди), во предложениот текст.

**Точка 37**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Холидеј ин-Скопје, со Предлог-решение за утврдување на категорија на угостителски објект, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од прва категорија со пет (5) ѕвезди супериор), во предложениот текст.

**Точка 38**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Монтенегро, Струга, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект (за хотел од четврта категорија со две (2) ѕвезди), во предложениот текст.

**Точка 39**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Престол, Охрид, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект, (хотел Престол со седиште во нас.Конско бб -Охрид за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди), во предложениот текст.

**Точка 40**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Климетица-Охрид, со Предлог решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект, (за хотел од трета категорија со три (3) ѕвезди), во предложениот текст.

**Точка 41**

Владата ја разгледа Информацијата во врска со поднесеното Барање за категоризација на угостителски објекти за сместување поднесено од хотел Тино Центар, Охрид, со Предлог-решение, ја усвои Информацијата и го донесе Решението за утврдување на категорија на угостителски објект, (хотел Тино Центар со седиште во кеј Македонија бр.55 -Охрид, за хотел од втора категорија со четири (4) ѕвезди), во предложениот текст.

**Точка 42**

Владата ја разгледа Информацијата за одржување на Третата седница на Мешовитата комисија по билатералниот Договор за економска и индустриска соработка помеѓу Владата на Република Македонија и Владата на Чешката Република, ја усвои и ги задолжи Министерството за надворешни работи, Министерството за транспорт и врски и Министерството за финансии, а им укажа на Операторот на електропреносниот систем на Северна Македонија, АД за пренос на електрична енергија и управување со електроенергетскиот систем, во државна сопственост, Скопје-МЕПСО и Акционерското друштво за вршење на енергетски дејности Национални енергетски ресурси-Скопје, во државна сопственост, најдоцна до 8 јули 2022 година, до Министерството за економија, да предложат теми и свои претставници кои ќе учествуваат во работата на комисијата на Третата седница.

**Точка 43**

Владата го донесе најновиот текст на Одлуката за доделување на концесија за експлоатација на минерална суровина-туларска глина на Друштвото за производство, трговија и услуги Гоко-Кар ДООЕЛ Виница на локалитетот „Ширината“ с.Лаки, Општина Виница, во предложениот текст.

**Точка 44**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за утврдување на геодетските работи за посебни намени сврзани со ажурирање на геодетски подлоги во функција на планирање на просторот, предвидено со Годишната програма за финансирање на изработката на урбанистички планови за 2022 година, во предложениот текст.

**Точка 45**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Акционерското друштво за производство на електрична енергија, Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, во предложениот текст.

**Точка 46**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за давање на право на трајно користење на градежно земјиште сопственост на Република Северна Македонија на Општина Кавадарци, во предложениот текст.

**Точка 47**

Владата ја издаде Лиценцата за приредување на игри на среќа во автомат клуб (на Друштвото за производство, трговија и услуги „Арена гаминг“ ДООЕЛ Струмица во автомат клубот кој се наоѓа на ул. „Шишка“ бр.1/2-приземје, Кавадарци), во предложениот текст.

**Точка 48**

Владата го разгледа новиот текст на Информацијата во врска со потпишување Спогодба за имплементација на проект од Зелениот климатски фонд со Германското друштво за меѓународна соработка (GIZ) GmbH „Градење капацитети за одржлив развој на човечкиот капитал во Северна Македонија (во секторите здравство, образование и социјална вклученост)“, со усогласен текст на Спогодба и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Го прифати усогласениот текст на Спогодбата за имплементација на проект од Зелениот климатски фонд со Германското друштво за меѓународна соработка (GIZ) GmbH „Градење капацитети за одржлив развој на човечкиот капитал во Северна Македонија (во секторите здравство, образование и социјална вклученост)“.

2. Се овластува заменикот на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за економски прашања, координација со економски сектори и инвестиции, Фатмир Битиќи, како назначен претставник за комуникација со Зелениот климатски фонд (Focal Point) да ја потпише Спогодбата за имплементација на проект од Зелениот климатски фонд со Германското друштво за меѓународна соработка (GIZ) GmbH „Градење капацитети за одржлив развој на човечкиот капитал во Северна Македонија (во секторите здравство, образование и социјална вклученост)“.

**Точка 49**

Владата го донесе новиот текст на Уредбата за безбедност на лица-корисници на класифицирани информации (*) , во предложениот текст.

**Точка 50**

Владата го разгледа новиот текст на Годишниот извештај за спроведување на процесот на проценка на влијанието на регулативата-ПВР (јануари-декември 2021 година) и притоа ги донесе следниве заклучоци:

1. Го прифати Годишниот извештај за спроведување на процесот на проценка на влијанието на регулативата-ПВР (јануари-декември 2021 година).

2. Се задолжуваат сите министерства, нацрт-извештајот за ПВР да го доставуваат на мислење до Министерството за информатичко општество и администрација по истекот на минималниот рок од 20 дена за консултација на Единствениот национален електронски регистар на прописи.

3. Се задолжуваат сите министерства за сите закони кои се утврдени од страна на Владата во текот на 2021 година, да извршат објава на предлог-извештајот за ПВР заедно со Предлогот на закон на Единствениот национален електронски регистар на прописи, во рок од 20 дена по разгледување на Годишниот извештај за спроведување на процесот на проценка на влијанието на регулативата-ПВР (јануари-декември 2021 година) од страна на Владата.

**Точка 51**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за престанок и за давање на трајно користење на движна ствар на Министерството за локална самоуправа-Државниот инспекторат за локална самоуправа (патничко моторно возило-пежо тип 206), во предложениот текст.

**Точка 52**

Владата ја разгледа Информацијата за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител упатени до Владата на Република Северна Македонија, органите на државната управа, други органи и организации што имаат јавни овластувања во периодот јануари-март 2022 година и ја усвои Информацијата со следните заклучоци:

1. Се задолжуваат Министерството за образование и наука и Министерството за информатичко општество и администрација-Државен управен инспекторат, а се укажува на Фондот за здравствено осигурување на Република Северна Македонија, во рок од 5 дена да постапат по барањата, укажувањата и препораките упатени до нив од Народниот правобранител во текот на јануари, февруари и март 2022 година, по кои сè уште не постапиле и за тоа во рок од 5 дена да ги известат Народниот правобранител и Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија.

2. Се задолжуваат сите органи на државната управа и им се укажува на институциите кои немаат статус на органи на државната управа, да праќаат известување до Народниот правобранител и до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија, кога ќе биде целосно завршено постапувањето по барањата и препораките на Народниот правобранител.

3. Се задолжуваат сите органи на државната управа и им се укажува на институциите кои немаат статус на органи на државната управа, извештаите, односно табеларните прегледи за постапување по обраќањата и препораките на Народниот правобранител за април, мај и јуни 2022 година, да ги достават до Генералниот секретаријат на Владата на Република Северна Македонија до 31 јули 2022 година, заедно со копија од одговорот на секоја претставка, доставен до подносителот на претставката и до Народниот правобранител.

**Точка 53**

Владата ја разгледа Информацијата за спроведување повеќегодишна јавна набавка за изведување на градежни работи за Надградба на училишен објект на ОМУ Боро Џони во Општина Струмица и ја усвои со следните заклучоци:

1. Врз основа на претходно издадено позитивно мислење од Министерството за финансии, даде согласност за преземање на обврски за чие плаќање е потребно користење на буџетски средства во наредните години од Министерство за образование и наука од потпрограмата ТА, Сметка 637 за јавна набавка за изведување на градежни работи за надградба на училишен објект на ОМУ Боро Џони во Општина Струмица и тоа:

- за надградба 8.180.000,00 денари со ДДВ во 2022 година, а 3.174.624,00 денари со ДДВ во 2023 година.

2. Се задолжува Министерството за образование и наука, да спроведе постапка за доделување на Договор за јавна набавка за изведување на градежни работи за Надградба на училишен објект на ОМУ Боро Џони во Општина Струмица.

3. Се задолжува Министерството за образование и наука да ги прикаже потребните буџетски средства во буџетскиот циркулар за соодветната фискална година, а Министерството за финансии да ги има предвид при утврдување на Буџетот на Република Северна Македонија за соодветната фискална година.

**Точка 54**

Владата го донесе новиот текст на Одлуката за изменување на Одлуката за надоместокот за спроведување на теоретската настава и практичната обука и за полагање на испит за специјализации, односно супспецијализации од областа на медицината, стоматологијата и фармацијата, во предложениот текст.

**Точка 55**

Владата ја одложи од разгледување Информацијата за утврдување на Кодекс за етичко однесување за членовите на Владата и носителите на јавни функции именувани од страна на Владата, со Предлог-кодекс, за наредната седница на Владата, со заклучок сите министерства кои имаат забелешки по Кодексот истите во писмена форма да ги достават најдоцна до 8 јули 2022 година (петок) до Кабинетот на заменик на претседателот на Владата на Република Северна Македонија, задолжен за политики на добро владеење, со цел усогласување на текстот на истиот.

**Точка 56**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за социјалната заштита, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следново мислење:

Согласно член 71 став 1 од Уставот на Република Северна Македонија, право да предлага донесување на закон има секој пратеник во Собранието на Република Северна Македонија, Владата на Република Северна Македонија и најмалку 10 000 избирачи. Имајќи ја предвид оваа уставна одредба се цени дека предложениот закон е поднесен од овластен предлагач.

Со оглед дека со Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за социјалната заштита, по скратена постапка, се овозможува родител кој има дете со попреченост да користи траен надоместок на порана возраст, а воедно како корисници на услугата лична асистенција се предвидува да бидат опфатени и лица со комбинирана попреченост, се смета дека предложените одредби се во насока на подобрување на пристапот до овие права и истите се во согласност со начела на кои е заснован Законот за социјалната заштита.

**Точка 57**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување на Законот за заштита на децата, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и притоа го утврди следново мислење:

Одредбата од членот 1 од Предлогот на законот со која во членот 35 став (1) од Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр.23/13, 12/14, 44/14, 144/14, 10/15, 25/15, 150/15, 192/15, 27/16, 163/17, 21/18, 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.104/19, 146/19, 275/19, 311/20 и 294/21), бројот „5.021“ се заменува со бројот „6.170“, во став (2) со кој бројот „7.531“ се

заменува со бројот „9.254“ и во став (3) со кој бројот „6.276“ се заменува со бројот „7.711“ е прифатлива во целост.

Имено, со предложената одредба се врши зголемување на висината на посебниот додаток за 15% за сите три подвидови на корисници со цел подобрување на финансиската состојба на корисниците на правото на посебен додаток.

Со членот 35 од Законот за заштита на децата се уредува висината на правото на посебен додаток кој изнесува 5.021 денари. Притоа, за самохран родител кој има дете со попреченост износот на посебниот додаток се зголемува за 50% и изнесува 7.531 денари, а за материјално необезбедени родители, кои се корисници на гарантирана минимална помош и кои имаат дете со попреченост износот на посебниот додаток се зголемува за 25% и изнесува 5.276 денари. Во ставот (4) е наведено дека утврдените износи се усогласуваат со порастот на трошоците на живот за претходната година објавени од Државниот завод за статистика, во јануари за тековната година.

Согласно порастот на трошоците на живот и соопштението бр.4.1.22.02 од 10.1.2022 година на Државниот завод за статистика за 2022 година висината на посебниот додаток изнесува 5.365 денари, за самохран родител изнесува 8.047 денари, а висината на посебниот додаток за материјално необезбедени родители, кои се корисници на гарантирана минимална помош изнесува 6.706 денари.

Владата на Република Северна Македонија и во изминатиот период изврши зголемување на висината на правото на посебен додаток за 15% за сите три категории на корисници на правото уврдени во Законот за изменување и дополнување на Законот за заштита на децата („Службен весник на Република Македонија“ бр.198/18), а со овој Предлог на закон кој е со примена од 1 септември 2022 година ќе следи и ново зголемување на посебниот додаток за 15% за сите три подвидови на корисници.

Владата на Република Северна Македонија ќе продолжи да ги унапредува правата на децата со попреченост со цел полесно надминување на економската криза на корисниците на правото со која се соочува Република Северна Македонија.
Врз основа на горенаведеното, Владата на Република Северна Македонија му предлага на Собранието на Република Северна Македонија да го донесе Предлогот на закон за изменување на Законот за заштита на децата, по скратена постапка, за ново зголемување на посебниот додаток за 15% за сите три подвидови на корисници.

## Точка 58

Владата го одложи од разгледување Предлогот на закон за дополнување на Законот за стоковните резерви, по скратена постапка, поднесен од група пратеници, поради потребата Министерството за финансии во соработка со Агенцијата за стоковни резерви да подготви и до Владата да достави заедничко (обединето) мислење по материјалот.

Материјалот претходно да се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика и Комисијата за политички систем.

## Точка 59

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за данокот на додадена вредност, по скратена постапка, поднесен од група пратеници и дава негативно мислење по Предлог-закон.

## Точка 60

Владата ја разгледа Иницијативата поднесена од Никола Ликов од Штип, доставена до Уставниот суд на Република Северна Македонија под У.бр.42/2022 за поведување на постапка за оценување на уставноста на член 72 став 5 во делот: „и истата јавно ќе се објави на својата веб-страница“ и став 6 од истиот член од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.102/19) и притоа го утврди следното мислење

До Уставниот суд беше поднесена Уставна иницијатива од страна на Никола Ликов од Штип, за поведување на постапка за оценување на уставноста на членот 72 став 5 во делот: ,,и истата јавно ќе се објави на својата веб-страница‘‘ и став 6 од истиот член од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија, од причина што, оспорените одредби не се во согласност со членот 15 од Уставот на Република Северна Македонија и со член 13 од Европската конвенција за заштита на човековите слободи и права, во кои е гарантирано правото на жалба, односно правото на ефективен правен лек.

Според наводите од предметната иницијатива, подносителот смета дека оспорените законски одредби го лишуваат судијата, односно претседателот на судот против кого е поведена постапката за утврдување на одговорност од правото на жалба, односно од правото на ефективен правен лек против првостепената одлука донесена во повторната постапка.

Согласно член 72 став (5) од Законот за Судски совет на Република Северна Македонија ,,Доколку Советот за жалба го укине решението, Советот ќе ја повтори постапката, задолжително почитувајќи ги напатствијата од Советот за жалба и ќе донесе одлука и истата јавно ќе ја објави на својата веб страница‘‘.
Ставот (6) од истиот член пропишува ,,Против одлуката од ставот (5) не е дозволена жалба или тужба‘‘.

Согласно членот 15 од Уставот на Република Северна Македонија ,,Се гарантира правото на жалба против одлуки донесени во постапка во прв степен пред суд. Правото на жалба или друг вид на правна заштита против поединечни правни акти донесени во постапка во прв степен пред орган на државната управа или организација и друг орган што врши јавни овластувања се уредува со закон‘‘.

Според Амандман XXI, со кој се заменува член 15 од Уставот на Република Северна Македонија, се гарантира правото на жалба против одлуки донесени во постапка во прв степен пред суд. Правото на жалба или друг вид на правна заштита против поединечни правни акти донесени во постапка во прв степен пред орган на државната управа или организација и друг орган што врши јавни овластувања се уредува со закон.

Согласно член 13 од Европската конвенција за заштита на човековите слободи и права ,,Право на реална жалба секој човек, чии права и слободи признати со оваа конвенција, се нарушени, има право на жалба пред националните власти, дури и тогаш кога повредата на овие права и слободи ја сториле лица при вршење на службена должност“.

Поднесената иницијатива е неоснована од следните причини:

Темелните вредности на уставниот поредок на Република Северна Македонија, основните слободи и права на човекот и граѓанинот утврдени со Уставот, како и владеење на правото би требало да се ценат од аспект на обезбедување на независно и непристрасно судство кое ќе служи како гарант за нивна зголемена заштита и за начин

како да се спроведува правдата. Оттука, произлегува дека независноста на судството зависи не само од законската регулатива, туку и од спроведувањето на истата во пракса. Во контекст на наведеното, а заради изнаоѓање на правилно и целосно решение кое би овозможило самостојност на судскиот систем како услов и гаранција за владеење на правото, законодавецот го предвидел и постоењето на Судскиот совет, како орган којшто ќе ја обезбедува и гарантира самостојноста и независноста на судската власт, преку остварување на своите функции, во согласност со Уставот и законите. Неговата правна положба во нашето општество говори за големите заложби што се преземаат со цел обезбедување на систем кој ќе овозможи вистинска самостојност на судството. Во оваа насока, говорат и домашните и меѓународните извештаи коишто ја следат состојбата во нашата држава за правната и институционалната рамка кои што во голема мера се генерално усогласени со европските стандарди.

Во Законот за Судскиот совет е утврдено дека Советот е составен од 15 члена, од кои:
- по функција членови на Советот се претседателот на Врховниот суд на Република Северна Македонија и министерот за правда,
- осум члена на Советот ги избираат судиите од своите редови. Тројца од избраните членови се припадници на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија, при што ќе се запази соодветната и правична застапеност на граѓаните кои припаѓаат на сите заедници,
- тројца членови на Советот ги избира Собранието на Република Северна Македонија со мнозинство гласови од вкупниот број пратеници, при што мора да има мнозинство гласови од вкупниот број пратеници кои припаѓаат на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија и
- двајца членови на Советот предлага Претседателот на Република Северна Македонија, а изборот го врши Собранието на Република Северна Македонија, од кои еден е припадник на заедниците кои не се мнозинство во Република Северна Македонија.

Вака утврдената положба на Судскиот совет како независен и самостоен од органите на законодавната и на извршната власт, а исто така и од која било друга институција, организација или политичко или партиско влијание, го прави единствен орган кој мора да го поседува и атрибутот на висока професионалност и интегритет на членовите кои влегуваат во неговиот состав, како на оние кои се избрани од редот на судиите, така и на оние кои се од редот на истакнатите правници.

Понатаму, надлежноста на Судскиот совет е утврдена во рамките на Уставот на Република Северна Македонија, каде што е уредено дека Судскиот совет на Република Северна Македонија:
- ги избира и разрешува судиите и судиите поротници;
- утврдува престанок на судиската функција;
- ги избира и разрешува претседателите на судовите;
- ја следи и оценува работата на судиите;
- одлучува за дисциплинската одговорност на судиите;
- одлучува за одземање на имунитетот на судиите;
- предлага двајца судии на Уставниот суд на Република Северна Македонија од редот на судиите и
- врши други работи утврдени со закон.

Имајќи го предвид наведеното, Судскиот совет одлучувајќи за дисциплинска одговорност на судиите и претседателите на судовите може да донесе одлука за разрешување на судија или претседател на суд и со одлуката времено се оддалечуваат од вршењето на судиската функција, односно функцијата претседател на суд до правосилно окончување на постапката.

Подносителот на Иницијативата не е во право кога укажува дека со оспорените одредби не се дозволува правото на жалба имајќи го предвид фактот дека во Законот за Судски совет на Република Северна Македонија е пропишано дека право на жалба до Советот за одлучување по жалба при Врховниот суд на Република Северна Македонија против одлуката на Советот, има само судијата, односно претседателот на судот за кого е поведена постапката за утврдување на одговорност, во рок од осум дена од денот на приемот на одлуката. Советот за жалба најдоцна во рок од 30 дена од неговото формирање одлучува по жалбата, ценејќи ја законитоста на постапката. Советот за жалба може да го потврди или да го укине решението на Судскиот совет во случај на груба повреда на одредбите за постапката за одговорност на судија или претседател на суд. Доколку Советот за жалба го укине решението, Судскиот совет ќе ја повтори постапката, задолжително почитувајќи ги напатствијата од Советот за жалба и ќе донесе одлука и истата јавно ќе ја објави на својата веб-страница.

Доколку Европскиот суд за човекови права утврди повреда на човеково право или основните слободи предвидени со Европската конвенција за заштита на основните човекови права и основни слободи и Дополнителните протоколи на Конвенцијата, кои Република Северна Македонија ги ратификувала во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, во постапка пред Советот и Врховниот суд на Република Северна Македонија, судијата или претседателот на судот чие право е повредено во постапките, може во рок од 30 дена, но најдоцна во рок од три години од конечноста на пресудата на Европскиот суд за човекови права да поднесе барање до Советот за повторување на постапката. Доколку Комисијата утврди дека барањето е навремено, целосно и дозволено Комисијата предметот го доставува на натамошно постапување до Советот кој предметот најдоцна во рок од три дена го доставува на надлежно постапување до Советот за жалба при Врховниот суд на Република Северна Македонија. Советот за жалба е должен во рок од 15 дена од приемот на предметот да постапи и да ја укине својата одлука и одлуката на Советот, водејќи се од правните ставови изразени во конечната пресуда на Европскиот суд за човекови права со која е утврдена повредата и предметот веднаш, а најдоцна во рок од три дена, да го врати на Советот на повторно постапување. Повторената постапка во делот на утврдената повреда се води согласно со одредбите од овој закон за утврдување на одговорност на судија или претседател на суд, во која можат да бидат предлагани и изведувани нови докази. Против одлуката донесена во повторената постапка, незадоволната странка има право на жалба до Советот за жалби во рок од 15 дена од приемот на одлуката.

Дополнително, во текот на постапката пред Советот, судија или претседателот на судот против кој се води постапка има право на фер судење согласно со гаранциите утврдени во членот 6 од Европската конвенција за заштита на човековите слободи и права.

Согласно членот 6 од Конвенцијата ,,Секој има право правично и јавно, во разумен рок, пред независен и непристрасен со закон воспоставен суд да бидат разгледани и утврдени неговите граѓански права и обврски или основаноста на какви било кривични обвиненија против него. Пресудата се изрекува јавно, а новинарите и публиката можат да бидат исклучени за време на целата или на дел од постапката во интерес на моралот, јавниот ред или националната безбедност во едно демократско општество, кога тоа го наложуваат интересите на малолетник или заштитата на приватниот живот на страните во спорот, или кога тоа судот го смета за неопходно затоа што во посебни околности публицитетот би можел да им нанесе штета на интересите на правдата''.

Ваквото уредување на постапката за утврдување на одговорност на судија или претседател на суд од страна на законодавецот, според наша оценка, не е во несогласност со погоре цитираните уставни одредби со оглед дека Уставот определува со закон да се уреди правото на жалба или друг вид на правна заштита против

поединечните правни акти. Оттука, произлегува дека подносителот на истата, го немал предвид Амандманот XXI, со кој е заменет член 15 од Уставот на Република Северна Македонија, а според кој правото на жалба или друг вид на правна заштита против поединечни правни акти донесени во постапка во прв степен пред орган на државната управа или организација и друг орган што врши јавни овластувања се уредува со закон.

Дополнително, законското решение е усогласено со препораките од Венецијанската комисија, ГРЕКО и оценската мисија на ТАИЕКС за обука на судии и јавни обвинители во Република Северна Македонија во делот на изборот и разрешувањето на судиите и претседателите на судовите, одговорност на членовите на Судскиот совет на Република Северна Македонија како и во однос на внесување мерливи квалитативни и квантитативни критериуми за оценување на работата на судиите и претседателите на судот во случај на нивно напредување. Воедно се внимаваше на целосна избалансираност на критериумите во системот на оценувањето. Истовремено се интервенираше и во однос на одредбите за член на Совет со право на глас, рангирање на кандидати за избор на судии во повисок суд, се зајакнува одговорноста во работата на Советот и слично.

Оттука, законодавецот, по разгледување на сите теоретски и практични причини, како и мислењата и принципите на Европската Унија со цел целосна хармонизација на домашното законодавство со правото на ЕУ, пристапи кон донесување на постојното законско решение. Оттаму, обврската за хармонизација на законодавството на Република Северна Македонија со правото на ЕУ е вградена во членот 68 од Спогодбата за стабилизација и асоцијација меѓу Република Македонија и Европските заедници и нејзините земји членки.

По однос на тоа дека оспорената одредба не е во согласност со членот 13 од Европската конвенција за човекови права и слободи, укажуваме на тоа дека Уставниот суд согласно членот 110 од Уставот на Република Северна Македонија одлучува за согласност на законите со Уставот и на другите прописи и на колективните договори со Уставот и законите, но не е надлежен да ја цени усогласеноста на законите со меѓународните договори бидејќи тие не може да бидат предмет на уставно-судска оценка, ниту пак можат да бидат критериум за оценување на согласноста на законите со меѓународните договори.

Од овие причини, се смета дека одредбите од член 72 став 5 во делот ,,и истата јавно ќе се објави на својата веб-страница‘‘ и став 6 од истиот член од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија се во согласност со Уставот на Република Северна Македонија, поради што Владата на Република Северна Македонија му предлага на Уставниот суд на Република Северна Македонија, да не ја прифати Иницијативата за поведување на постапка за оценување на уставноста на одредбите од Законот за Судскиот совет на Република Северна Македонија (,,Службен весник на Република Северна Македонија’’ бр.102/19).

**Точка 61**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Искра Кировска од Штип, за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр. 4923, за КО Штип 1, на КП бр. 1021, викано место/улица Железничка станица, со дополнување и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење на Министерството за транспорт и врски.

**Точка 62**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Милана Пановска од Кочани за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр. 255 за КО Пашаџиково, на КП бр. 462/2, викано место/улица Станица и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Акционерското друштво за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 63**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Васко Паскали од Охрид за продажба на сосопственички дел запишан во Имотен лист бр.1995 за КО Коњско, КП бр.2418, дел 12, викано место/улица Село и сосопственички дел запишан во Имотен лист бр.1505 за КО Коњско, КП број 2418, дел 7, викано место/улица Село и не ја прифати Понудата, имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 64**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Васко Паскали од Охрид, за продажба на сосопственички дел запишан во Имотен лист бр. 64570 за КО Охрид 4, на КП бр. 4677/5 и КП бр. 4677/9, викано место/улица Град и по Понудата го усвои Известувањето на Министерството за транспорт и врски и негативното Мислење на Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство.

**Точка 65**

Владата ја разгледа Понудата од Ана Брашнарска од Скопје за продажба на недвижен имот запишан во Имотен лист бр.3946 за Ѓорче Петров 4-Влае, на КП бр.6175/1, викано место/ул.Косовска и не ја прифати Понудата имајќи ги предвид негативните мислења на Министерството за транспорт и врски и на АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката-Скопје.

**Точка 66**

Владата ја разгледа Понудата од нотар Ванчо Андоновски од Скопје за продажба на недвижен имот со Имотен лист бр.1078, за КО Маџари, на КП бр.1043/2, викано место/улица Б.Стевковски и Имотен лист бр.68234 за КО Маџари на КП бр.1043/1, викано место/улица Б.Стевковски и не ја прифати Понудата имајќи го предвид негативното Мислење од Министерството за транспорт и врски.

**Точка 67**

Владата го одложи разгледувањето на Известувањето од извршител Катерина Кокина од Скопје, под И.бр.1183/2022 за Налог за извршување врз недвижност запишана во Имотен лист бр.7636 за КО Кисела Вода 2, КП бр.1711 и Имотен лист бр.3448, за КО Карпош, КП бр.3620 за наредната седница на Владата, откако претходно истото ќе се разгледа на седница на Комисијата за економски систем и тековна економска политика, поради потребата мислење по материјалот да достават Министерството за финансии-Управа за јавни приходи и АД за изградба и стопанисување со станбен простор и со деловен простор од значење за Републиката -Скопје.

**Точка 68**

По оваа точка немаше предлози.

**Точка 69**

1. Владата го разгледа и го усвои Барањето за изземање од антикризни мерки на Државниот пазарен инспекторат, со дополнување, доставено од Државниот пазарен инспекторат, под бр.02-1193/2 од 7 јуни 2022 година.

2. Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на територија на Република Северна Македонија, заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2 и заради спречување од негово ширење во зголемен обем со што се загрозува безбедноста на здравјето на населението, за период од 18 јуни 2022 година до 24 јуни 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

3. Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за одобрување на продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на територија на Република Северна Македонија, заради заштита на јавното здравје во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација од заразната болест COVID-19 предизвикана од вирусот SARS-CoV-2 и заради спречување од негово ширење во зголемен обем со што се загрозува безбедноста на здравјето на населението, за период од 25 јуни 2022 година до 30 јуни 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

4. Владата го разгледа и го прифати Известувањето за преземените активности во врска со Одлуката на Собранието на Република Северна Македонија за продолжување на рокот за постоење на кризна состојба на дел од територијата на Република Северна Македонија, заради висок ризик од зголемен обем на влез и транзитирање на мигранти низ територијата на Република Северна Македонија и заради заштита на јавното здравје од илегална миграција во услови на постоење на пандемија прогласена од Светската здравствена организација за вирусот SARS-CoV-2 и спречување од негово ширење со кои се загрозува безбедноста, здравјето и имотот на населението, за период од 23 јуни 2022 година до 29 јуни 2022 година и согласно член 31, став 2 од Законот за управување со кризи заклучи да го достави до Претседателот на Република Северна Македонија и до Собранието на Република Северна Македонија.

**Точка 70**

Владата го разгледа Извештајот за спроведување на Националната стратегија за борба против измама за заштитата на финансиските интереси на Европската Унија во Република Македонија 2019-2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 71**

Владата ја разгледа Информацијата за активностите на Управата за јавни приходи за спроведување на мерки по Годишниот извештај на Народниот правобранител на Република Северна Македонија, како материјал за информирање.

**Точка 72**

Владата го разгледа Извештајот за работењето на ЈП за стопанисување со пасишта за првото тримесечје за 2022 година, како материјал за информирање, со укажување да се има предвид, дека законскиот рок за доставување на тримесечните извештаи од јавните претпријатија е 20 дена од истекот на периодот за кој се однесуваат.

Истовремено, се задолжува ЈП за стопанисување со пасишта, согласно роковите утврдени во Законот за изменување и дополнување на Законот за јавни претпријатија („Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.89/22), да достави во редовна владина постапка статутарна одлука за изменување и дополнување на Статутот на ЈП за стопанисување со пасишта, во насока на намалување на бројот на членовите на управниот и надзорниот одбор.

**Точка 73**

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на ЈП „Стрежево”- Битола, за прво тримесечје, од 1 јануари 2022 година до 31 март 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 74**

Владата го разгледа Финансискиот извештај за работењето на Јавното претпријатие за одржување и заштита на магистралните и регионалните патишта-Скопје ц.о., за период од 1 јануари 2022 година до 31 март 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 75**

Владата го разгледа Годишниот извештај за работата на внатрешната ревизија за период од 1 јануари 2021 година до 31 декември 2021 година на Акционерското друштво во државна сопственост за вршење на дејноста давање услуги во воздухопловната навигација М-НАВ АД-Скопје, како материјал за информирање.

**Точка 76**

Владата го разгледа Извештајот за финансиското работење на Акционерското друштво „Медиумска информативна агенција“-Скопје, во државна сопственост, за периодот од 1 јануари 2022 година до 31 март 2022 година, како материјал за информирање.

**Точка 77**

Владата го разгледа Годишниот извештај за спроведување на Националната програма за безбедност во воздухопловството за 2021 година во Република Северна Македонија, како материјал за информирање.

**Точка 78**

Владата го разгледа Дополнетиот предлог за изменување и дополнување на Буџетот на Република Северна Македонија за 2022 година, го утврди и заклучи согласно член 180-а став 4 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии и Филип Николоски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии и Аница Иваноска Стрезовски и Тања Трипунова, државни советници во Министерството за финансии.

**Точка 79**

Владата го разгледа Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за енергетика (*) и условно го утврди со следниве заклучоци:

1. Министерството за економија да изврши усогласување на текстот на Предлогот на закон и кореспондентните табели со Секретаријатот за законодавство, како и со останатите надлежни институции.

2. Пречистениот текст на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за енергетика (*), согласно член 137 од Деловникот на Собранието на Република Македонија да се достави до Собранието.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени м-р Крешник Бектеши, министер за економија и Зоран Маневски, заменик на министерот за економија, а за повереници м-р Размена Чекиќ-Дуровиќ, државен секретар во Министерството за економија, Исмаил Лума, државен советник во Министерството за економија и Валентина Старделова, раководител на сектор во Министерството за економија.

Истовремено, Владата заклучи, доколку од надлежните институции во однос на Предлогот на закон за изменување и дополнување на Законот за енергетика (*), произлезат сериозни забелешки, текстот на Законот повторно да се разгледа на седница на Влада.

**Точка 80**

Владата го разгледа Предлогот на закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на Проектот за поддршка на ликвидноста на АД ЕСМ-Скопје во услови на енергетска криза, кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, по скратена постапка и го утврди со следните заклучоци:

1. Текстот на Предлогот на закон редакциски да се усогласи со Секретаријатот за законодавство.

2. Министерството за финансии да ги достави Договорот за заем и Договорот за гаранција.

3. Пречистениот текст на Предлогот на закон за гаранција на Република Северна Македонија на обврските по Договорот за заем за финансирање на Проектот за поддршка на ликвидноста на Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје во услови на енергетска криза, кој ќе се склучи меѓу Европската банка за обнова и развој и Акционерското друштво за производство на електрична енергија Електрани на Северна Македонија, во државна сопственост, Скопје, по скратена постапка, да се достави до Собранието, согласно член 170 од Деловникот на Собранието на Република Македонија.

За претставници на Владата на Република Северна Македонија во Собранието се определени д-р Фатмир Бесими, министер за финансии, м-р Крешник Бектеши, министер за економија и Филип Николоски, заменик на министерот за финансии, а за повереници д-р Јелена Таст, државен секретар во Министерството за финансии, Сузана Пенева, државен советник во Министерството за финансии и Дејан Николовски, државен советник во Министерството за финансии.

**Точка 81**

Владата ја разгледа Предлог -одлуката за изменување на Одлуката за бројот на студенти за запишување во прва година-прв циклус на студии на јавните високообразовни установи на Универзитетот „Св. Кирил и Методиј“ во Скопје, Универзитетот „Св. Климент Охридски“-Битола, Универзитетот во Тетово, Универзитетот „Гоце Делчев“-Штип, Универзитетот за информатички науки и технологии „Св. Апостол Павле“-Охрид и Универзитетот „Мајка Тереза“-во Скопје, во учебната 2022/2023 година и ја донесе Одлуката, со заклучок текстот на Одлуката да се усогласи со Секретаријат за законодавство.

*

*     *

На седницата се водени стенографски белешки

Седницата заврши во 14:55 часот.

**ГЕНЕРАЛЕН СЕКРЕТАР НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**м-р Методија Димовски**

**ПРВ ЗАМЕНИК НА ПРЕТСЕДАТЕЛОТ НА ВЛАДАТА НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**

**dr. Artan Grubi**